**Ј.П. „ МАКЕДОНИЈА ПАТ" - Скопје**

ул. "Даме Груев" 14, Скопје
Поштенски фах 529
Жиро сметка: 200000002559725
ЕДБ - МК 4030989230167
E-mail: contact@makedonijapat.com.mk
www.makedonijapat.com.mk

тел.дир 02/3138-724
3138-746
факс: 3138-736
3239-452

Македонијапат

Наш број: 02 - 117/2
Ваш број:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 21 03 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 355/8 | | |

Скопје, 20. 03 2012 год.

ДО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

**ПРЕДМЕТ: Забелешки на Нацрт-Извештај за извршена ревизија за 2010 год. од страна на Државниот завод за ревизија**

Управниот одбор на ЈП Македонијапат- Скопје, на одржана седница на ден 12.03.2012 година, расправајќи по Нацрт-Извештајот за извршена ревизија за 2010 година, формира работна група (Комисија) од четири (4) члена, со цел истата да го разгледа Нацрт-Извештајот и да изготви и достави писмен Извештај на наредната седница.

Во оваа смисла, работната група во полн состав се состана на ден 13.03.2012 година и разгледувајќи го приложениот Нацрт-Извештај, приготви и презентира Извештај во форма и содржина на дадени забелешки и укажувања:

- **страна 2, последниот став:**

**1)**. Во периодот на 2010 година, Управниот одбор активно беше вклучен во постапката за трансформација- статусот на Јавното претпријатие, со тоа што Управниот одбор не ја прифати предложената Одлука за проценка со проценетата вредност на капиталот на ЈП Македонијапат- Скопје, од причини што утврдената вредност на капиталот беше книговодствена вредност.

Управниот одбор го задолжи менаџментот да распише тендер за избор на Проценителна куќа, со задача да се утврди реалната пазарна вредност на ЈП Македонијапат- Скопје, кој се состои од подвижен и недвижен имот.

**2).** Во овој период (почеток на месец март), Управниот одбор не е вклучен во активности што значат превземање мерки за разрешување на статусот на претпријатието.

Во овие активности во овој период вклучени се стручните служби на претпријатието, заедно со менаџментот.

- **страна 8, Препорака- последниот став:**

**3)**. Управниот одбор во рамките на своите овластувања донесе Заклучок со кој стручните служби беа задолжени да формираат Одделение за јав;ни набавки и јавните набавки исклучиво да се спроведуваат по пат на електронска аукција.

- **страна 15, Препорака- последниот став:**

**4)**. Управниот одбор ја прифаќа препораката и ќе ја задолжи стручната служба да постапи по истата.

- **страна 18 (и 19), Препорака- последниот став:**

**5)**. Управниот одбор веќе има донесено Одлука со која беа задолжени стручните служби да го воведат целиот имот во катастар.

- **страна 20, Препорака:**

**6)**. Управниот одбор во континуитет има донесено повеќе Заклучоци, со задолженија на стручните служби, заедно со Агенцијата за државни патишта да утврдат и донесат нов ценовник.

За жал и во овој период Агенцијата не покажала никаков интерес за разрешување на овој акутен и суштински проблем.

Управниот одбор за овој проблем, го има информирано и ресорното Министерство (повеќе пати) и Владата на Република Македонија.

РАБОТНА ГРУПА:

1. Јовче Силјановски ________
2. Китан Павловски ________
3. Владимир Кочовски ________
4. Крум Гиговски ________

Во врска Забелешките на Нацрт-Извештајот за извршена ревизија за 2010 год. од страна на Државниот завод за ревизија, Ви доставуваме прилози по точките по кои Управниот одбор има забелешки:

- **страна 2, последен став:**

Прилог: 1. Одлука за усвојување на Планот за поделба на имотот, средствата, вработените, правата и обврските на ЈП "Македонијапат"-Скопје;

2. План за потелба на ЈП Македонијапат- Скопје, со раздвојување на две нови АД.

- **страна 8, последен став:**

Прилог: 1. Правилник за измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места-Одделение за јавни набавки

- **страна 20 -**

Прилог: 1. Достава на Предлог-Ценовници до Агенцијата за државни патишта.

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Ј.П. „ МАКЕДОНИЈА ПАТ" - Скопје**

Македонијапат

ул. "Даме Груев" 14, Скопје
Поштенски фах 529
Жиро сметка: 200000002559725
ЕДБ - МК 4030989230167
E-mail: contact@makedonijapat.com.mk
www.makedonijapat.com.mk

тел.дир 02/3138-724
3138-746
факс: 3138-736
3239-452


Наш број: 03 - 177/1
Ваш број:

Скопје, 20. 03 2012 год.


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 21. 03. 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 355/7 | | |


ДО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 20.03.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 355/7 | | |


**ПРЕДМЕТ: Забелешки по Нацрт-Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 год.на ЈП "Македонијапат"-Скопје**

**Почитувани,**

Благовремено и во законскиот рок ЈП "Македонијапат"- Скопје, поднесува Забелешки по одделни точки од Нацрт-извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2010 година и тоа:

**Точка: 1.1.**

Финансовиот план за 2010 година усвоен е со задоцнување поради ненавремено донесената Годишна програма за одржување на државни патишта од страна на Агенцијата за државни патишта и потпишувањето на Договорот за одржување на државни патишта од страна на Агенцијата за државни патишта и ЈП Македонијапат- Скопје. Донесувањето на Финансовиот план без анализа на обемот на работите кои што ЈП Македонијапат- Скопје е обврзана да ги извршува по договорот за работа со Агенцијата за државни патишта би довело до неможност за точно утврдување на позициите и средствата кои што би им биле потребни за обезбедување континуитет во работењето. ЈП Македонијапат- Скопје во месец декември 2009 година донесе Времен Финансов план кој беше во функција до доенсувањето на Финансовиот план за 2010 година.

**Точка: 1.2.**

Поради тешката финаниска состојба во која што се наоѓа ЈП Македонијапат- Скопје не се врши усогласување на платите за порастот на животните трошоци, податоци кои што се внесуваат во образецот МБП.

**Точка: 1.3.**

Не се точни наводите- менаџерски извештај, во Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година на ЈП "Македонијапат"- Скопје, дека главниот инжинер за техничка припрема, маркетинг и комерцијални работи има "привилегија" за пристап на ЕСЈН (електронски систем за јавни набавки).

Главниот инжинер за техничка припрема маркетинг и комерцијални работи има овластување- потпишан БРег образец од директорот на ЈП "Македонијапат"- Скопје, согласно Прирачникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН). Овој прирачник е изготвен во согласност со Законот за јавни набавки и е препорачан да се применува од Бирото за јавни набавки, а заради правилно користење на ЕСЈН (електронски систем за јавни набавки).

Врз основа на овластувањето- потпишан БРег оразец, Главниот инжинер за техничка припрема, маркетинг и комерцијални работи ги објавува огласите за доделување на договор за јавна набавка, известувања за склучени договори, поништување на постапки.

Не е точен наводот во извештајот дека за извршување на наведените работни активности не се предвидени одредби од Правилникот за организаицја и систематизација на работните места, бидејќи во Правилникот описно е наведено што е опфатено во работните обврски на Главниот инжинер за техничка припрема, маркетинг и комерцијални работи и после тоа стои "извршува и други работи по налог на директорот".

Со тоа отпаѓа и наводот во ревизорскиот извештај дека не е донесен акт од надлежен орган за вклучување на наведеното лице - Главен инжинер за техничка припрема, маркетинг и комерцијални работи во процесот на спроведување на јавните набавки. Значи постои овластување (потпишан БРег образец од одговорното лице) кое е акт од надлежен орган - Директор на претпријатието и постои акт- Правилник за организација и систематизација на работните места, каде описно е прикажано што се влегува во обврските на Главниот инжинер за техничка припрема, маркетинг и комерцијални работи.

Од тука сметаме дека погрешен е наводот во точка **1.3**. од Нацрт-ревизорскиот извештај за ЈП "Македонијапат"- Скопје за 2010 година.

**Точка: 2.1.**

Целосно е постапено по забелешките од ревизорскиот извештај. Од месец јануари 2012 година, наплатените побарувања за извршените работи по подружници со Агенцијата за државни патишта се раскнижуваат месечно.

**Точка: 4.1.2.**

Сметководствената евиденција на (материјално книговодство) не е место каде што треба да постои воедначеност на податоците спрема месечните прегледи кои што подружниците ги даваат на Одделението за јавни набавки. Месечните прегледи се помошни алатки кои што помагаат за следење на квотите по договорите за јавни набавки, пред се во смисла на заштита од пречекорување на договорите. Книжењето во материјалното книговодство се врши врз основа на веродостојни документи потврдени со приемници за испорачаните материјали, кои што го потврдуваат влезот на материјалите во магацините и кои што по одредени шифри се и искажани.

Во сметководствената евиденција (финансиско сметководство) постои аналитичка евиденција на добавувачите по шифра на добавувачот. Финансиското сметководство не е и не може да биде аналитичар на добавувачите по договори затоа што:

1. Водењето на аналитика на добавувачи по договори е во доменот на одделението за јавни набавки, а не финансовото книговодство.
2. Во една фактура внесени се ставки на артикли по различни договори.
3. Во голем обем ќе се усложни работењето на финансовото сметководство и ќе се зголеми ризикот од грешки, имајќи го во предвид фактот што ЈП Македонијапат- Скопје, работи со 4000 добавувачи.
4. Со еден ист добавувач може да постојат и над 20 склучени договори по различки основи.

**Точка: 4.1.4.**

Во текот на 2010 година набавен е софтвер за финансиско-сметководствена евиденција кој што е применет во материјалното работење на подружница Автопат, Скопје и Штип. Програмите се инсталирани и во сметководствата на подружница Велес и подружница Битола и во тек е преминувањето од едниот кон другиот софтвер преку обука на вработените кои што ја работат аналитиката на материјалното сметководство и аналитиката на основните средства. Поради заштита од ризикот за евентуални грешки и пропусти при преминувањето од едниот кон другиот софтвер во периодот пред пописите кога се инсталирани новите програми, аналитичката евиденција на мтеријалното книговодство во двете подружници се работеше по старите програми кои што во потполност ги обезбедуваат сите потребни податоци.

Прекнижувањето на материјалната евиденција во апликацијата за финансиско работење на субјектот и понатаму ќе се врши преку рачно пишувани налози се додека не се створат услови за мрежно поврзување на сметководственото работење на подружниците со главната книга за претпријатието.

**Точка: 4.2.2.**

Точен е наводот дека на ден 21.05.2009 год. Управниот одбор на претпријатието донел Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП "Македонијапат"- Скопје.

**ПРИЛОГ: Одлука од 21.05.2009 година**

Од страна на Јавното претпријатието горенаведената Одлука е доставена до Влада на Република Македонија и побарано е согласност од основачот.

Владата на Република Македонија ја доставила Одлуката и побарала мислење од Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

По доставеното мислење од Министерството за финансии ЈП "Македонијапат"- Скопје постапила во целост по укажувањето од Министерството за финансии и ги вклопила во Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП "Македонијапат"- Скопје.

**ПРИЛОГ: 1. Мислење од Министерството за финансии**
**2. Допис до Влада на РМ**
**3. Одлука за измена и дополнување на Статутот од 15.07.2009 г.**

Одлуката била доставена до Основачот и побарана е согласност од него.

Владата на Република Македонија на 85-тата седница одржана на ден 14.07.2009 год. ја одложила одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП "Македонијапат"- Скопје поради потребата да ги усогласи со Мислењето од Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**ПРИЛОГ: Извадок од 85-тата седница**

После тоа Министерството за финансии дало свое мислење, Секретаријатот за законодавство после се произнело со писмо до Влада на Република Македонија, меѓутоа, од непознати причини Мислењето од Законодавството не било доставено на ЈП "Македонијапат"- Скопје. Во периодот на исчекување мислење од Секретаријатот за законодавство, стручните служби на претпријатието на 15.03.2011 год. доставиле допис бр. 03-96/1 и повторно побарале мислење од Секретаријатот.

На 01.04.2011 год. Законодавство го испратило своето мислење по однос на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на претпријатието.

**ПРИЛОГ: 1. Допис до Секретаријатот за законодавство од 15.03.2011 год.**

**2. Предмет-мислење во врска дописот од страна на ЈП Македонијапат- Скопје, бр. 03-96/1 од 15.03.2011 год.**

По добивањето на мислењето од Законодавство, стручните служби во целост постапиле согласно Мислењето на Законодавство.

Во меѓувреме имало промена на директори во претпријатието и конечно Статутарната одлука била усвоена од страна на Управниот одбор на 04.01.2012 година.

Истата веднаш е доставена до Влада на Република Македонија за добивање на согласност.

Во меѓувреме настанати се нови измени на Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ БР. 6/2012). Со цел усогласување со новите измени Владата ја одложи Статутарната одлука поради потребата истата да се усогласи со измените на Законот за јавни претпријатија.

Во меѓувреме направено е усогласување и на прва наредна седница на Управниот одбор истата ќе биде усвоена од Управниот одбор и ќе се достави до Влада на Република Македонија.

**Прилог: 1. Статутарна одлука**

**Точка 4.2.3.**

Што се однесува до распоредувањето на работник на работно место-внатрешен ревизор, Ве информираме дека наведеното работно место е предвидено во новиот Правилник за организација и систематизација на работните места и во Правилникот за распоредување на добивката.

Во врска презентирањето Предлог-верзија на Правилникот за организација и систематизација на работните места изработен во 2010 година не беше усвоен од страна на Управниот одбор бидејќи истиот беше ставен на дневен ред на седницата што се одржа на 18.05.2011 година но, точката 4 која се однесуваше на Правилникот беше симната од дневен ред.

**ПРИЛОГ: Записник од 18.05.2011 година**

**Точка: 4.2.6.**

Целосно е постапено по забелешките од ревизорскиот извештај. Од месец јануари 2012 година, сите обврски на име надоместоци на членовите на Упранвиот одбор и Одборот за контрола заедно со персоналниот данок на доход се евидентираат и книжат месечно.

**Точка: 4.3.1.**

1. Во извештајот за извршениот попис сите расходи се искажани во вредностите по кои што треба да бидат раскнижени (класа 0, 1, 2, 3) и врз база на тие вредности донесени се и Одлуките за расходи, кусоци, вишоци и отписи.
2. Се додека не се утврди титуларот на носителот на сопственоста на земјиштето и градежните објекти кои што ЈП Македонијапат-Скопје ги користи и се додека истите не се запишат во Агенцијата за катастар на недвижноста ЈП Македонијапат-Скопје не може да знае и утврди кое земјиште по број на парцели и квадратура го сочинува зибирот од 205.472 м2 во износ од 59.089 илјади денари затоа што досега не постојат никакви документи во книгите на ЈП Македонијапат- Скопје и спрема тоа не е можно да се утврди пазарната вредност на истото со што би се извршиле книговодствени корекции кои би овозможиле поверодостојни финансиски извештаи.
3. Извештајот за попис (во делот на пописот на побарувања и обврски) е сублимат на работата на пописната комисија која што ја провери старосната структура на сите побарувања и обврски и прдложи список на застарени побарувања и обврски кои што согласно Законот за облигациони односи треба да се отпишат. Имајќи го во предвид фактот што Извештајот за попис ги содржи сите предлози по кои што треба Управниот одбор на претпријатието да ги донесе своите Одлуки, воопшто не е потребно да се даде старосна структура на добавувачите (4000 добавувачи) на износ од 383.415 илјади денари и побарувањата на износ од 193.897 илјади денари.

**Точка: 4.3.2.**

ЈП Македонијапат- Скопје во своето работење преку целата година врши усогласување (сравнување) на состојби со своите комитенти, а во месеците пред годишниот попис (октомври, ноември и декември) врши усогласување по пат на потврдување на картиците со потписи или преку записници за извршено сложување онаму каде што има птореба.

**ПРИЛОГ: Материјали од извршено книговодствено сравнување**

**Точка: 4.4.2.**

Не се презентирани записници за меѓусебно усогласување за меѓусебните побарувања и обврски помеѓу ЈП Макеоднијапат- Скопје и Агенцијата за државни патишта од причини што се јавува неусогласеност по одредени ситуации, ДДВ за 2009 година во износ од 26.614.000,00 денари за кое Агенцијата за државни патишта не го потпишува записникот.

**Точка 6.2.**

Во ЈП Македонијапат - Скопје исцрпени се сите законски обврксии за покривање на загубата и преку извештаите за работењето на субјектот потенцирана е состојбата од каде што се гледа дека претпријатието на крај на 2010 година искажува негативен капитал во износ од 86.925 илјади денари. За ваквите состојби навремено се известени и сите комитентни институции и без залагање и помош од Основачот на претпријатието ЈП Македонијапат- Скопје не е во состојба да ги амортизира ваквите состојби.

**Точка 11.4.1.**

Во врска со објектите кои не се водат во катастарската евиденција истакнвуаме, дека е во тек постапка за запишување на градежните објекти кои ги користи ЈП "Македонијапт"- Скопје, во катастарската евиденција, на основа Одлуката на Владата на РМ објавена во (Сл.весник на РМ бр. 45/2010)

Меѓутоа, од страна на Одделенијата за катастар за недвижности на териториајта на Република Македонија, и Центарот за катастар за недвижности Скопје, утврдено е дека за одредени катастарски општини, не може да се постапи по истата со оглед на фактот што објектите цитирани во Одлуката не биле евидентирани во старата катастарска евиденција а истовремено и геодетските елаборати не содржеле податоци за габаритен премер на истите и некои други недостатоци а кои неправилности треба да ги одстрани фирмата "Геомап" - Скопје, за да може да се постапи по Одлуката на Владата на РМ. Но поради временските неприлики излегувањето на теренот од нивна страна беше одложено.

Инаку, за дел од објектите постапката за запишување во катастарската евиденција е веќе завршена и за што сме известени од Агенцијата за катастар на недвижности - Скопје.

ПРИЛОГ: - Известување од "Геомап" - Скопје од 25.02.2012 година
- Известување од Агенција за катастар на недвижности бр. 12-3346/36 од 20.12.2011 година

**ДИРЕКТОР**

М-р Гајур Кадриу,дипл.инж.арх.

Изготвиле:

- Марјан Крстевски ____________
- Елида Жикоска ____________
- Дијана Оровчанец ____________
- Љубица Синадинвоска ____________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 23.03.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 355/9 | | |

# Забелешки по нацрт извештај на ДЗР

**Процес на набавки и плаќање точка 4.1.2**

- Во однос на вашите забелешки во однос на следење на договорите сакам да Ве информирам дека на 17.11.2009 год. е формирано оделение за јавни набавки, дека секоја подружница има делегирано човек кој ке го храни оделението со податоци и дека одговорните лица во претпријатието имаа задача дадена со наредба да ги следат договорите, како и доставување на месечни динамички планови за работа и потребни материјали. Од извештаите можете да забележите дека во 2010 година нема пречекорување на ниту еден договор. (Прилог 11 и 12)

**Процес на јавни набавки - точка 4.1.3**

Во врска со забелешката дека измените и дополните на Планот за јавни набавки не е секогаш донесена на Управен одбор ,ве известуваме дека ЈП Македонијапат Скопје согласно статутот на претпријатието не е обврзана да го донесува Планот од страна на Управниот одбор ,но заради поголема транспарентност првичниот план како и дополните и измените се донесени од УО ,единствено една измена и дополнување е извршена од страна на одговорното лице и тоа за постапките кои се споменати во Вашиот извештај кои се постапки кои мораа да бидат реализирани поради исклучителна итност тоа беше последна измена во споменатиот период. Во прилог ви го доставувам дефинитивниот план за јавни набавки за 2010 година. (Прилог 2)
Во однос на Вашата забелешка дека спроведени постапки не се дел од планот за јавни набавки Ве известувам дека единствено во овој случај одговорното лице е извршило измена на планот за јавни набавки поради исклучителна итнос и тоа за:

1.Поправка на генератор во НС Градско без кој неможе да функционира Наплатната станица

2.Набавка и монтажа на трафо на ЗП Кула кое беше украдено (кражбата е пријавена во полиција), без него не функционира пунктот

3.Набавка на семафори и излезни рампи по налог на Агенцијата за државни патишта бидејќи Агенцијата има судски спор со Електрософт,Скопјеналожи на ЈП Македонијапат ,Скопје да набави нови семафори и излезни рампи.

Бидејќи Управниот одбор без некоја особена причина не го донесе проширувањето на Планот за јавни набавки,Одговорното лице на ЈП македонија пат донесе одлука за проширување на планот за јавни набавки (прилог на овој допис 2) ,што е во согласност со член 26 точка (3) од законот за јавни набавки, за истото проширување на планот Управниот обдор беше известен на првата наредна седница од страна на одговорното лице.

Во однос на Вашата забелешка на некористење на електронски аукции во постапките за спроведување на јавни набавки Ве информирам дека заради многу лошата финансиска состојба и работа во “вонредни” услови не бевме во состојба да извршиме обука на кадри за спроведување на електронски аукции,набавка на информатичка опрема за тие

потреби(компјутери,скенери идр.) ,набавка на дигитални сертификати и др. Ќе Ве замолам да забележите дека овој начин на постаки за јавни набавки е многукратно зголемен во 2011 година.

Во однос на Вашата забелешка во однос на неспроведување на јавната набавка за обезбедување на вработени по пат на привремени вработувањас акам да Ве известам дека овој договор е потпишан од друго одговорно лице од онаа наведено во известувачкиот период. Сите документи кои се составен дел на оваа набавка се потпишани од оваа одговорно лице. По моето доаѓање на функција за директор во ЈП Македонијапат сменета е комисија за јавни набавки формирано оделение за јавни набавки и се вршеа напори да се испочитуваат забелешките од предходната ревизија во однос на јавните набавки.

**Усогласеност со законски прописи – точка 4.2.5**

Во однос на обврските за ДДВ како и ризикот да ја изгубиме поволноста за одложено плаќање на ДДВ. Сакам да Ве информирам дека е упатено барање до УЈП за одлагање на долг (прилог 15 и 16) како и барање до Владата основачот за давање под залог на движни ствари.

**Финансиски извештаи – точка 4.3.1.**

По донесување на одлуката на Владата на РМ по барање на народниот правобранител за запишување на право на сопственост на недвичните објекти има упатено барање до Владата на РМ на истите објекти да им се даде право на користење на ЈП Македонија пат.

**Користење на средства согласно законските прописи – точка 4.4.1**

Усогласувањето на извршените работи со Агенцијата за Државни патишта се врши месечно и тоа на следен начин:
Квантитативното усогласување се врши пред изработка на месечните ситуации во Подружниците со потпишување на градежните книги за извршени работи кои секојдневно се реализираат и усогласуваат со Надзорните инжињери од Агенцијата за Државни патишта.Врз основа на тие заверени количини се изготвуваат месечни ситуации за извршени работи со вредности кои повторно се заверуваат од надзорните инженери во подружници ,а потоа се доставуваат до Надзорната фирма централно да се прегледаат и потпишат.Така изготвени ситуциите се доставуваат во Агенцијата за државни патишта каде се прегледуваат и потпишуваат и се доставуваат за исплата. Целата оваа процедура која ја спроведуваме согласно инвеститорот значи постојано следење на реализацијата ,усогласување на побарувањата и. Исто така постојано и навремено се предлагаат измени и дополнувања на Програмата за одржување на државни патишта за кои предлози скоро никогаш не сме имале разбирање од инвеститорот(забелешка во 2011 год на наколку наврати сме побарале ребаланс на програмата за што не добивме одговор до 31.12.2011 год). Со заклучок на Влада од Април месец 2011 година бевме обврзани да доставуваме извештај за реализација на програмата за секој месец поединечно што перманентно го чиневме. Како доказ Ви приложувам еден од извештаите (Прилог 1)

**Користење на средства согласно законските прописи – точка 4.4.4**

Во врска со забелешката дека измените и дополните на Планот за јавни набавки не е секогаш донесена на Управен одбор ,ве известуваме дека ЈП Македонијапат Скопје согласно статутот на претпријатието не е обврзана да го донесува Планот од страна на Управниот одбор ,но заради поголема транспарентност првичниот план како и дополните и измените се донесени од УО ,единствено една измена и дополнување е извршена од страна на одговорното лице и тоа за постапките кои се споменати во Вашиот извештај кои се постапки кои мораа да бидат реализирани поради исклучителна итност тоа беше последна измена во споменатиот период. Во прилог ви го доставувам дефинитивниот план за јавни набавки за 2010 година. (Прилог 2)

Во однос на Вашата забелешка дека спроведени постапки не се дел од планот за јавни набавки Ве известувам дека единствено во овој случај одговорното лице е извршило измена на планот за јавни набавки поради исклучителна итнос и тоа за:

1.Поправка на генератор во НС Градско без кој неможе да функционира Наплатната станица

2.Набавка и монтажа на трафо на ЗП Кула кое беше украдено (кражбата е пријавена во полиција), без него не функционира пунктот

3.Набавка на семафори и излезни рампи по налог на Агенцијата за државни патишта бидејќи Агенцијата има судски спор со Електрософт,Скопјеналожи на ЈП Македонијапат ,Скопје да набави нови семафори и излезни рампи.

Бидејќи Управниот одбор без некоја особена причина не го донесе проширувањето на Планот за јавни набавки,Одговорното лице на ЈП македонија пат донесе одлука за проширување на планот за јавни набавки (прилог на овој допис 2) ,што е во согласност со член 26 точка (3) од законот за јавни набавки, за истото проширување на планот Управниот обдор беше известен на првата наредна седница од страна на одговорното лице.

Во однос на Вашата забелешка на некористење на електронски аукции во постапките за спроведување на јавни набавки Ве информирам дека заради многу лошата финансиска состојба и работа во “вонредни” услови не бевме во состојба да извршиме обука на кадри за спроведување на електронски аукции,набавка на информатичка опрема за тие потреби(компјутери,скенери идр.) ,набавка на дигитални сертификати и др. Ќе Ве замолам да забележите дека овој начин на постаки за јавни набавки е многукратно зголемен во 2011 година.

Во однос на Вашата забелешка за необјавување на две постапки во меѓународно гласило сакам да Ве информирам дека Сите огласи на ЈП Македонијапат,Скопје се објавени на страницата на бирото за јавни набавки,во Службен весник на РМ и сите тендерски документации се објавени на веб страната на Бирото за јавни набавки.Исто така во тендерската документација на сите тендери на ЈП Македонијапат сто дека сите тендери ,без оглед на вредноста се меѓународни,т.е. може да учествуваат сите правни лица од РМ и од други земји кои ги исполнуваат бараните услови. Со ова сметаме дека се задоволени условите за фер конкуренција и достапност на сите економски оператори подеднакво. ( напомена :објавувањето на меѓународните тендери во тек на 2009 год па се до првите

месеци на 2010 год. не беше овозможено без надомест кој изнесуваше голема вредност која за претпријатието беше пречка да се исплати и се уште е ) (објаснувања добиени од моите служби.).

Во однос на Вашата забелешка во однос на начинот на спроведување на јавната набавка за нафтени деривати сакам да Ве известам дека оваа постапка е спроведена од друго одговорно лице од онаа наведено во известувачкиот период. Сите документи кои се составен дел на оваа набавка се потпишани од оваа одговорно лице. По моето доаѓање на функција за директор во ЈП Македонијапат сменета е комисија за јавни набавки формирано оделение за јавни набавки и се вршеа напори да се испочитуваат забелешките од предходната ревизија во однос на јавните набавки.

Во однос на забелешката околу банковите гаранции сакам да Ве известам дека банковите гаранции за тендерските постапки кои ги споменувате се обезбедени во вид на изјави од Економските оператори кои средствата што ЈП Македонијапат им ги должи со овие изјави ги отстапуваат како депонирани средства со што гарантираат успешна испорака на предметот на набавката( се однесува на Технометал и КИ-ЕМ) Многу често се случува Економските оператори да бараат од ЈП Македонијапат гаранција за доставена роба или извршена услуга или работа заради лошата финансиска состојба во која се наоѓа претпријатието. (Прилог 3 и 4)

Во врска со забелешките околу ненавремено објавување на известувањата за склучени договори сакам да Ве информирам дека најголем дел од нив се објавени навреме, меѓутоа има и случаи кога од оправдани причини (блокиран профил и сл.) се објавени со задоцнување. (објаснувања добиени од моите служби.)

Сметаме дека не се направени битни повреди на ЗЈН (член 210 од ЗЈН) и дека најголем дел од Вашите забелешки се за грешки во процедурата кои секако во наредниот период треба да се исправат.

Ја известувам ДРЗ дека набавките на ЈП Македонијапат се од исклучителна комплексност и сложеност и тоа не само заради бројот на набавки и вкупната вредност туку и заради специфичноста на предметите на набавка,заради финансиската состојба на претпријатието. Од лошата финансиска состојба произлегуваат проблеми со инвеститорот и добавувачите , кои што се помалку се заинтересирани да учествуваат во нашите набавки како Економски оператори, тоа се гледа од се помалиот број на учесници во тендерските постапки . Заради горе наведеното многу е отежнат процесот на спроведување на јавните набавки почнувајќи од одговорното лице до комисијата за јавни набавки како и останатите служби во претпријатието.

**Користење на средства согласно законските прописи – точка 4.4.5**

Во однос на Вашата забелешка во однос на неспроведување на јавната набавка за обезбедување на вработени по пат на привремени вработувањас акам да Ве известам дека овој договор е потпишан од друго одговорно лице од онаа наведено во известувачкиот период. Сите документи кои се составен дел на оваа набавка се потпишани од оваа

одговорно лице. По моето доаѓање на функција за директор во ЈП Македонијапат сменета е комисија за јавни набавки формирано оделение за јавни набавки и се вршеа напори да се испочитуваат забелешките од предходната ревизија во однос на јавните набавки.

**Нагласувања на прашања за неизвесност или континуитет – точка 6.4**

Во однос на Вашите костатации за суспендираните вработени после акцијата „Змиско око" сакам да Ве информирам дека е побарано мислење од Секретаријат за законодавство (прилог 14) и доставена информација на затворена седница на Влада со предлог заклучоци. Владата само ја разгледа информацијата без разгледување или усвојување на предложените заклучоци.

Прилозите кои се неведени во моиве забелешки предходно Ви беа доставени.

Со почит,

23.03.2012
Скопје

Горан Стојковиќ

**Прилог: број 8**

**Одговор**
**на забелешките по Нацрт извештај на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник, Управниот одбор и Одговорното лице за финансиските извештаи за 2010 година на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонијапат" ц.о. Скопје, (во понатамошниот текст "Македонијапат") на ден 21 и 23.03.2012 година доставија забелешки под број 03- 117/1 и 02-117/2 по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-355/7;13-355/8 и 13-355/9.

Упатените забелешки од законскиот застапник, Управниот одбор и одговорното лице за финансиските извештаи се разгледани од овластениот државен ревизор и е оценето дека не содржат елементи за измена или дополнување на состојбите искажани во Нацрт извештајот, поради што формулациите по одредени наоди, состојби и препораки како и формулациите во резимето од извештајот остануваат непроменети и во Конечниот извештај, за што го даваме следното објаснување:

1. Доставените забелешки на дел од резимето во Нацрт Извештајот кој се однесува на потребата надлежните органи на управување со претпријатието вклучувајќи го основачот и надлежното министерство да превземат неопходни и интензивни мерки за разрешување на статусот на претпријатието и обезбедат услови за непречен континуитет без разлика на статусот кој ќе го утврди Собранието на Република Македонија **преставуваат известување за активностите на Управниот одбор**. Управниот одбор ги наведува активностите кои ги превземал во претходната година како и своите ставови во врска со постапката на трансформацијата на статусот на претпријатието, потенцирајки дека започнувајки од месец март 2012 година не е вклучен во активностите за трансформацијата на статусот на претпријатието.

2. Упатените забелешки на **точката 4.1.2.** кои се однесуваат на контролните активности во процесот на набавки и плаќања **не се прифаќаат**. Законскиот застапник и одговорното лице за финансиските извештаи за 2010 година со упатените забелешки даваат дополнителни објаснувања и укажувања за начинот на следење на реализацијата на

договорите, нивното евидентирање во материјалната и финансиската евиденција, создавањето на соодветните аналитички евиденции и обемноста на добавувачите. Ревизијата не го оспорува фактот дека основ за евидентирање на одредени трансакции мора да претставуваат уредни и веродостојни документи како и фактот дека претпријатието има воспоставено деловни односи со поголем број на економски оператори. Утврдените состојби од страна на ревизијата се однесуваат на слабостите на контролниот систем во претпријатието а дадената препорака претставува укажување упатено до менаџментот на претпријатието со цел во иднина да се подобри контролниот систем на претпријатието. Обемноста на трансакциите и големиот број на економски оператори со кои претпријатието има воспоставено деловни односи само го зголемуваат ризикот од можни погрешни прикажувања, па аналогно на тоа претпријатието има обврска да создаде соодветна аналитичка евиденција со која можните ризици од погрешни прикажувања ќе ги сведе на прифатливо ниво. Издадените наредби или пишаните процедури за потребата од соодветно постапување претставуваат дел од самото контролно окружување но доколку истите не се имплементираат тие сами по себе не можат да ја спречат појавата на ризиците и можноста од погрешни прикажувања, кои ќе предизвикаат негативни ефекти во работењето на претпријатието.

3. Упатените забелешки од одговорното лице на **точката 4.1.3.** која се однесува на утврдената состојба за слабостите на контролниот систем во процесот на јавните набавки и утврдените ризици во овој процес **преставува известување за причините** за утврдената состојба. Одговорното лице во исто време известувајки за причините за утврдената состојба дава објаснување за дел од утврдените состојби во точките 4.4.4. и 4.4.5. и покрај тоа што истите не влијаат на промена на утврдената состојба, овластениот државен ревизор одговорот за овие забелешки го təместува за наведените точки. Во контекст на утврдената состојба на точката 4.1.3. и дадената препорака од овластениот државен ревизор за надминување на утврдената состојба, управиниот одбор дава **известување** дека донел заклучок за начинот на постапување во делот на јавните набавки и нивното спроведуивање по пат на електронска аукција.

4. Упатената забелесшка на точката 4.1.4. која се однесува на утврдените состојби во делот на информациониот систем и апликациите за сметководственото работење преставуваат **известување** за причините

за утврдената состојба. Законскиот застапник укажува дека и понатаму преносот на податоците во материјалната евиденција ќе се пренесуваат во апликацијата за финансиско сметководство по пат на рачно изработувани налози се до моментот на создавање на услови за мрежно поврзување.

5. Доставените забелешки на **точката 4.2.2.** која се однесува на не извршеното усогласување на Статут на претпријатието со одредбите од Законот за јавни претпријатија и неговите измени и дополнувања **претставува информирање/хронологија на настаните и превземените активности за надминување на утврдената состојба.** Законскиот застапник на претпријатието дава хронолошки редослед на настаните и во прилог на забелешките достави повеќе документи кои на ревизијата и беа презентирани во периодот на извршување на ревизијата и истите во суштина ја потврдуваат утврдената состојба. Исто така известува дека направени се сите потребни усогласувања на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на „Македонијапат“ и истата се очекува да биде усвоена од Управниот одбор и да се достави до надлежните органи.

6. Доставените забелешки на **точката 4.2.3.** која се однесува на извршено распоредување на работник на работно место внатрешен ревизор, кое не е предвидено во Правилникот за организација и систематизација на работните места и во Правилникот за распределба на добивката, платите и другите надоместоци и невоспоставената внатрешна ревизија **претставува информирање за причините кои придонеле за утврдената состојба.** Законскиот застапник доставува Записник од седницата на Управниот одбор одржана на ден 18.05.2011 година кој веќе и беше презентиран на ревизијата.

7. Доставените забелешки на **точката 4.2.5.** која се однесува на неплатен данок на додадена вредност со состојба 31.12.2010 година кои потекнуваат од 2005 година **претставува информирање за превземените активности за надминување на утврдената состојба.** одговорното лице за финансиските извештаи на претпријатието ги наведува веќе презентираните акти на ревизијата, без да наведе дека основачот не дал согласност на барањето од јавното претпријатие за давање под залог на движни ствари на претпријатието, заради одлагање на даночниот долг. Заради не дадената согласност од основачот не е реализирано одлагање на даночниот долг.

8. Упатената забелешка на **точката 4.2.6.** која се однесува на начинот на пресметување и евидентирање на обврските на име надомест по основ на паушал, користење на сопствен мобилен телефон и надомест за користење на сопствен автомобил и персонален данок на доход по овој основ на членовите на Управниот одбор и Одборот за контрола на материјалното и финансиското работење **претставува известување за превземените активности**. Законскиот застапник информира дека од месец јануари 2012 година целосно е постапено по забелешките односно "сите обврски на име надоместоци на членовите на Управниот одбор и Одборот за контрола заедно со персоналниот данок на доход се евидентираат и книжат месечно". Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази за постапување по дадената препорака. Во исто време Управниот одбор на јавното претпријатие информира дека "ја прифаќа препораката" и дека "ќе ја задолжи стручната служба да постапи по истата".

9. Упатените забелешки на **точката 4.3.1.** од страна на законскиот застапник и одговорното лице за финансиските извештаи кои се однесува на утврдени состојби за начинот на извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските и утврдените разлики, кусоци и вишоци со состојба на 31.12.2010 година **не се прифаќаат.** Законскиот застапник се произнесува за расходите, начинот на кои тие се искажани и донесените одлуки за истите, ги наведува причините поради кои не е утврдена пазарната вредност на земјиштето и дава свое мислење за причините заради кои не е презентирана старосната структура на побарувањата и обврските.
   Одговорното лице за финансиските извештаи известува дека има доставено барање до Владата на Република Македонија за обезбедување на право на користење на објектите кои ги користи „Македонијапат".
   Упатената забелешка од страна на управниот одбор за дадената препорака преставува известување за превземените мерки, односно дека донел одлука со која се „задолжени стручните служби да го воведат целиот имот во катастар".

10. Доставените забелешки на **точката 4.3.2.** која се однесува на оневозможување на постапката за верификација на побарувањата и обврските **претставуваат информирање за активностите кои се превземаат за вршење на усогласување на состојбите со**

**комитентите.** Законскиот застапник воедно наведува дека во прилог доставува Материјали од извршено книговодствено сравнување, но во прилог на забалешките иститe не се доставени.

11. Упатената забелешка на дадената препорака за утврдената состојба во **точката 4.3.3.** која се однесува на користење на Ценовник за услуги кој е донесен во претходен период односно во 1999 година **преставува известување за активностите**. Управниот одбор ги наведува активностите кои ги превземал за донесување на нов ценовник и дека за надминување на утврдената состојба ги информирал ресорното Министерство и Владата на Република Македонија но до денот на известување од извршената ревизија не е донесен нов ценовник.

12. Упатените забелешки од законскиот застапник и одговорното лице за утврдената состојба во **точката 4.4.1.** која се однесува на отсуството на записници за усогласување на меѓусебните побарувања и обврски со Агенцијата за државни патишта **не се прифаќа.** Упатените забелешки и дадените објаснувања се контрадикторни со што се потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата. И покрај тоа што одговорното лице за финансиските извештаи наведува дека во прилог на забелешките доставува еден примерок од извештаите, истиот не е доставен.

13. Упатените забелешки на **точката 4.4.4** кои се однесуваат на утврдените состојби за начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за доделување на договори за јавни набавки поради нивната специфичност и бројност одговорот на овластениот државен ревизор е како што следува:

    - упатените забелешки за делот од утврдените состојби во **точка 4.4.4. став 1 алинеја 1** каде ревизијата известува дека се вршени измени и дополнувања на План за јавни набавки за 2009 и 2010 година, при што не сите измени и дополнувања се усвоени од страна на Управниот одбор, односно не сите измени и дополнувања на Планот за јавни набавки се усогласени со Одлуките на Управниот одбор, **не се прифаќаат**. Одговорното лице известува дека „ЈП Македонијапат Скопје согласно Статутот на претпријатието не е обврзана да го донесува Планот од страна на Управниот одбор, но заради поголема транспарентност првичниот план како и дополните и измените се донесени од УО, единствено една измена и дополнување е извршена

од страна на одговорното лице“. Ревизијата укажува дека во случај кога со Статутот на претпријатието не е конкретно определен органот кој е надлежен за донесување на Планот за јавни набавки, донесениот акт од страна на еден орган, во случајот Планот за јавни набавки донесен од страна на Управниот одбор, може да биде изменет или дополнет единствено од истиот тој орган;

- упатените забелешки за делот од утврдените состојби во **точка 4.4.4. став 1 алинеја 3** каде ревизијата известува дека се спроведени постапки за јавна набавка за кои не е извршено дополнување на планот за јавни набавки **не се прифаќаат**. Одговорното лице со доставените забелешки само ја елаборира и потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата без притоа да достави дополнителни докази со кои ќе ја оспори или преиначи утврдената состојба од страна на ревизијата;

- упатените забелешки за делот од утврдените состојби во **точка 4.4.4. став 1 алинеја 4** каде ревизијата известува дека при спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки во 2010 година не се користени електронски аукции **не се прифаќаат**. Одговорното лице со доставените забелешки само ја елаборира и потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата без притоа да достави дополнителни докази со кои ќе ѓи оспорат или преиначат утврдените состојби од страна на ревизијата;

- упатените забелешки за делот од утврдените состојби во **точка 4.4.4. став 1 алинеја 5** каде ревизијата известува дека не се извршени објави на две постапки за доделување на договор за јавна набавка кои без вклучен ДДВ имаат проценета вредност над 500.000 евра во денарска противвредност во Службено гласило на Европската унија или во соодветна деловна публикација или технички или професионален весник кој е достапен на широката меѓународна стручна и друга јавност **не се прифаќаат**. Одговорното лице во забелешките ги елаборира причините за непостапување согласно одредбите од Законот за јавни набавки без притоа да достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори или измени утврдените состојби од страна на ревизијата и воедно изнесува сопствено видување за значењето на одредбите од член 54 став 2 од Законот за јавни набавки. Ревизијата не ги прифати дадените забелешки од страна на одговорното лице поради тоа што истите не се во насока на

обезбедување на основните начела на Законот за јавни набавки со кои ќе се обезбеди: конкуренција помеѓу економските оператори; еднаков третман и недискриминација на економските оператори; транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационални и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка;

- упатените забелешки за делот од утврдените состојби во **точка 4.4.4. став 1 алинеја 6** каде ревизијата известува за бројни неправилности во дел од спроведените постапки со преговарање со претходно објавување на оглас за набавка на нафтени деривати **претставуваат известување** за лицето одговорно за извршената јавна набавка. Одговорното лице само известува дека се работи за постапка која е спроведена од друго одговорно лице од претходен период и дека сите документи кои се составен дел на таа набавка се потпишани од тоа одговорно лице, за што ревизијата јасно известува во прилогот број 4 кон Нацрт извештајот, во кој прецизно е наведен датумот на склучување на договорите за јавна набавка. Понатаму одговорното лице во забелешките известува за преземени мерки по дадените препораки од претходната ревизија во однос на јавните набавки;

- упатените забелешки за делот од утврдените состојби во **точка 4.4.4. став 1 алинеја 7** каде ревизијата известува дека не се презентира банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорите за јавна набавка во висина од 5% од вредноста на склучените договори, иако истата се предвидува во тендерската документација, **не се прифаќаат.** Одговорното лице ги елаборира причините за непостапување согласно одредбите од Законот за јавни набавки, без притоа да достави дополнителни докази со кои ќе ја оспори или измени утврдената состојба од страна на ревизијата и воедно известува дека споменатите гаранции се обезбедени во вид на изјави од економските оператори, за што ревизијата веќе има известено во фуснота 9 од Нацрт извештајот;

- упатените забелешки за делот од утврдените состојби во **точка 4.4.4. став 1 алинеја 9** каде ревизијата известува дека не се доставува Известување за секој склучен договор за јавна набавка во рок од 30 дена по спроведување на постапките за доделување на договор за јавна набавка заради објавување на веб страницата на Бирото за јавни

набавки, **не се прифаќаат.** Одговорното лице со доставените забелешки само ја елаборира и потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата без притоа да достави дополнителни докази со кои ќе ја оспори или преиначи утврдената состојба од страна на ревизијата.

14. Упатените забелешки на **точката 4.4.5.** кои се однесуваат на утврдената состојба за непреземени активности за спроведување постапка за јавна набавка на услуга „ангажирање на агенција на привремени вработувања“ во рамки на донесениот годишен План за јавни набавки, согласно одредбите на Законот за јавните набавки, **не претставуваат забелешка**. Одговорното лице само известува дека се работи за склучен договор кој е потпишан од друго одговорно лице од претходен период и дека сите документи кои се составен дел на таа набавка се потпишани од тоа одговорно лице, за што ревизијата јасно известува во точка 4.4.5. од Нацрт извештајот каде прецизно е наведен датумот на склучување на договорот за користење на услугата за привремени вработувања и човечки ресурси. Во исто време одговорното лице во забелешките известува за преземени мерки по дадените препораки од претходната ревизија во однос на јавните набавки и нивната комплексност имајки ја во предвид нивната солветноста и ликвидноста на претпријатието.

15. Упатените забелешки на точките 6.2.и 6.4. кои се содржани во делот на нагласувања на прашања за неизвесност или континуитет кои се однесуваат на начинот на покривање на остварениот негативен финансиски резултат (загуба) и статусот на лицата/вработени во Македонијапат а кои беа опфатени со постапките од надлежните органи во врска со наплатата на надоместокот за патарина, преставуваат **известувања** за причините за обелоденетите состојби.

16. Доставените забелешки на **точката 11.4.1.** која е содржана во Извештајот за резултати од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр.1103-176/11 од 2009 година, а се однесуваат за констатираните состојби во делот на непрезентирана целосна и веродостојна документација за извршениот упис на недвижностите во катастарот на недвижности преставува **известување за причините за утврдената состојба.** Законскиот застапник достави Известување од Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија (број 13-13346/36 од 20.12.2011 година) и Известување од ден 25.01.2012 година од правниот субјект кој

треба да изврши габаритен премер на дел од објектите кои останале незапишани. Во Известувањата се наведуваат причинити заради кои не е извршен навремен габаритен премер на објекти (по динамичен план) и причините заради кои целосно не е постапено по Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во јавните книги за запишување на правата на недвижностите, донесена од Владата на Република Македонија бр.51-5658/1 од 19.10.2010 година.

Скопје, 06.04.2012 година,

***Ревизорски тим:*** ***Овластен државен ревизор:***